

**ОД ЕРУСАЛИМ ДО ЕРИХОН**

**Ерусалим, обично христијаните го нарекуваат град на смртта и победата, а Израел земјата на големите настани каде што се извршила пресвртницата на историјата на сите народи и за сите времиња. Тоа го потврдуваат многубројните свети места кои се врзани за минатото, особено за христијанството. Во близината на некогашната Овча порта во Ерусалим се наоѓа Витезда (Bethesda), што значи „дом на милосрдието“**

Тоа е бања, односно купатило, чии води преку подземни канали оттаму се одведувале до храмот. Се верува дека водата е лековита, затоа постојано ја посетувале многу болни, сакати и слепи луѓе. Таму, во близината на Лавовската порта е црквата „Света Ана“, што е во непосредна близина на родното место на света Богородица. Исто така, тука е црквата „Гробот на света Богородица“.

Во близината на Ерусалим се ноаѓа селото Еин Карем, во Библијата познато како Еин

Хакарем, што значи „извор во лозјето“. Тоа е сместено на еден прекрасен рид кој од 1961 година е дел на Ерусалим. Во него се наоѓа црквата „Свети Јован Крстител“. Ова библиско место е познато по настаните во Евангелието и е поврзано со посетата на Марија, мајката на Исус Христос, на својата роднина Елисавета, мајката на Јован Крстител.

Тука се наоѓа и криптата „Пештерата на благословот“, во која се смета дека е роден Јован Крстител, претходникот на Исус Христос. Исто така, и Ветаниа (Bethandz), што значи „куќа на сиромашните“ или „дом на бедата“, е село на исток од Маслиновата Гора на патот кон Ерихон. Таму живеел Христовиот пријател Лазар со неговите сестри Марија и Марта, кои тој често ги посетувал. Во Ветаниа Исус Христос го воскреснал Лазар неколку дена по неговата смрт. Ова место е познато и по тоа што по свеченото влегување во Ерусалим, Исус таму се повлекол и ја поминал ноќта. Денес таму се наоѓа црквата „Свети Лазар“.

Северниот дел на Израел, пак, е контраст на сè она што го содржат пустинските предели на југот. Кога сè повеќе се навлегува во Галилејската област, се добива впечаток дека природата овде го истурила сето свое богатство. Затоа, оној што првпат стапнува на овие простори тешко може да се убеди дека Израел е мала пустинска земја. Нема ниту педа голо земјиште, сè е со зеленило, со пространи паркови, со цвеќиња, палми, урми, еукалиптуси, авокадо, овоштарници и лозја.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**